# ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“

## ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2024-2026 ГОДИНА

јули, 2026 година

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Наум Наумовски Борче“ |
| Адреса | ул. Маџари бр.25 1000 Скопје |
| Телефон, е-пошта | 02/2521092<br>naum_naumovski_borce@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2024-2026<br>(учебна 2024/25 и учебна 2025/26 година) |
| Број на ученици во училиштето | 496 |
| Број на подрачни училишта | |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Ивица Петрушевски |
| Потпис | |
| Датум | 10.07.2026 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Горан Готиќ |
| Потпис | |
| Датум | 10.07.2026 |

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ ЗА ПЕРИОД 2024-2026 ГОДИНА**

Врз основа на Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) ООУ„Наум Наумовски Борче“ изврши самоевалуација за работата на училиштето во периодот од 2024-2026 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 28.01.2026 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Валентина Јовановска - психолог
- Маја Станковска - предметен наставник
- Сања Пецевски-предметен наставник
- Марија Депиновска - одделенски наставник
- Светлана Петровска - одделенски наставник
- Наташа Стојмиров - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во период од 2024 до 2026 година. За нејзино успешно спроведување, комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| **1. Планирање, учење и настава** | Светлана Петровска- одговорен на тимот<br>Снежана Величковска<br>Снежана Боболеска<br>Соња Ајдаревиќ<br>Оливера Филиповска<br>Моника Гаврилоска<br>Дијана Николовска<br>Наталија Ѓ. Миревска<br>Валентина Коруноска<br>Соња Николова |
| **2. Постигања на учениците** | Сања Пецевски - одговорен на тимот<br>Даниела Кузманоска<br>Сања Груева<br>Калина Пуловска<br>Јовица Николовски<br>Тања Крстовска<br>Слаѓана Јовановска<br>Ана Петровска<br>Билјана Дрвошанова<br>Марија Иванова |

| | |
|---|---|
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Марија Депиновска - одговорен на тимот<br>Валентина Јовановска<br>Соња Златевска<br>Анета Пешевска<br>Виолета Силјановска<br>Весна Трајковска<br>Маре Ѓиревска<br>Маја Давидовска Бошевска<br>Дејан Боневски<br>Ленче Славковска |
| **4. Управување, раководење и креирање политики** | Маја Станковска- одговорен на тимот<br>Даниела Караташова<br>Катарина Марковска<br>Елизабета Темелковска<br>Фросина Ристовска<br>Тамара Димитриевска<br>Билјана Велјаноска<br>Александра Војнеска Зикова |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставнички совет одржана на 30.06.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Анализата на состојбите во подрачјето „Планирање, настава и учење“ покажува дека училиштето успешно ги реализира наставните планови и програми во согласност со наставните документи и законските прописи. Планирањето на наставата е систематско, навремено и континуирано, а наставниците изработуваат квалитетни годишни, тематски, месечни и дневни планирања, кои овозможуваат ефикасна реализација на воспитно-образовниот процес.<br>Во наставата се применуваат разновидни наставни методи, стратегии и форми на работа, со користење современи наставни средства, дигитални алатки и различни извори на учење, прилагодени на потребите и можностите на учениците. Се поттикнува активно учество, критичко размислување, истражувачки пристап и развој на клучните компетенции.<br>Училиштето обезбедува инклузивен пристап преку навремено идентификување на образовните потреби на учениците и обезбедување соодветна поддршка преку индивидуализирано поучување, дополнителна и додатна настава, како и соработка со стручната служба и родителите.<br>Особено внимание се посветува на развојот на мултикултурноста, меѓуетничката интеграција, еднаквоста и почитувањето на различностите преку наставни и воннаставни активности. Учениците активно учествуваат во изборот на изборните предмети и во реализацијата на секции, проекти, натпревари и други активности согласно нивните интереси и способности.<br>Соработката со родителите е континуирана и се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори и редовно информирање за напредокот на учениците. Родителите се вклучуваат во воспитно-образовниот процес и даваат свој придонес во унапредувањето на работата на училиштето.<br>Општата оценка е дека училиштето успешно ги исполнува индикаторите во ова подрачје и обезбедува квалитетен, инклузивен и современ воспитно-образовен процес. Во наредниот период потребно е да се продолжи со унапредување на наставните практики преку поголема примена на дигитални технологии и вештачка интелигенција во наставата, развој на иновативни методи на поучување, зајакнување на формативното оценување и континуирано професионално усовршување на наставниот кадар. Исто така, потребно е да продолжи редовното следење на квалитетот на наставата, меѓусебни посети на часови и анкетирање на учениците и родителите со цел понатамошно подобрување на воспитно-образовниот процес. |
| **Силни страни**<br>❖ Училиштето успешно спроведува инклузивно образование со индивидуализирани планови за учење и дополнителна поддршка за учениците со посебни образовни потреби. Ова го обезбедува пристапот на сите ученици до квалитетно образование, со посебен фокус на потребите на секој ученик.<br>❖ Училиштето имплементира различни методи и техники на учење, вклучувајќи ги интерактивни наставни методи, примена на ИКТ и колаборативни учебни околини. Ова го обогатува учењето и ги задоволува различните стилови на учење на учениците.<br>❖ Училиштето активно учествува во проектите за меѓуетничка интеграција во |

образованието, што вклучува организација на мултикултурни работилници, проекти за соработка меѓу учениците од различни етнички и културни позадини, како и имплементација на активности кои ја поддржуваат меѓуетничката разновидност и толеранција во училишната средина.

- ❖ Учениците имаат широк спектар на изборни предмети и активности што ги задоволуваат нивните интереси и способности. Ова ги поттикнува во личниот развој и креативност, како и во активно учество во училишни и вонучилишни активности.
- ❖ Висок процент од учениците изјавиле дека имаат можност да учат на различни начини (преку проекти, игра, истражување и сл.). Ова укажува дека училиштето нуди иновативни и различни методи на учење кои го задоволуваат интересот на учениците.
- ❖ Училиштето поддржува отворена и редовна комуникација со родителите преку различни канали како родителски средби, Е-Дневник, веб-страница и SMS пораки. Родителите се активно вклучуваат во образовниот процес, што ја засилува поддршката кон учениците.
- ❖ Наставниците навремено подготвуваат годишни, тематски, месечни и дневни планирања во согласност со наставните програми и националните стандарди. Ова обезбедува систематизиран и ефикасен пристап кон образовниот процес.
- ❖ Директорот и стручната служба редовно следат и поддржуваат наставниците во реализацијата на планираните часови и програми. Ова ги подобрува перформансите на учениците и квалитетот на наставата.
- ❖ Соработка со локалната средина и искористување на условите за потребите при реализација на наставните програми;
- ❖ Учениците редовно учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија, како и во други натпреварувачки активности, при што постигнуваат извонредни резултати.

**Слаби страни**

- Учениците не се доволно информирани за дополнителните материјали за учење кои постојат во училишната библиотека , следствено на ова мал број ученици користат дополнителни материјали како извори за учење.
- Училиштето реализира проекти и активности со партнер училишта со друг наставен јазик, но бројот на вклучени ученици е ограничен, поради што постои потреба од создавање можности за пошироко ученичко учество во ваквите активности.
- Еден од клучните аспекти каде што се забележува слабост е процесот на оценување на учениците. На ниво на стручни активи недостасува поинтензивна практична размена на современи пристапи за оценување, што ја ограничува можноста за поголема усогласеност и унапредување на квалитетот на оценувањето.
- Работата со ученици со посебни образовни потреби и понатаму претставува предизвик за дел од наставниците, и покрај реализираните проекти и обуки, поради што е потребна континуирана стручна поддршка и практична обука.
- Во реализацијата на воннаставните активности се забележува ограничена вклученост на учениците, при што најчесто учествуваат исти ученици, што ја намалува можноста за поширока инклузивност, рамномерно учество и развој на потенцијалите кај поголем број ученици.

**Приоритети**

- Спроведување на дополнителни истражувања за интересите на учениците и адаптирање на понудата на изборни предмети според тие интереси. Вклучување на учениците во процесот на избор на нови предмети и активности.
- Организирање на повеќе мултикултурни настани и активности кои ќе ги вклучат учениците од различни култури. Поттикнување на соработка со училишта со различни наставни јазици и култури.
- Зајакнување на соработката со родителите преку дополнителни средби, работилници и навремено информирање, со цел поголема вклученост и задоволство на родителите од работата на училиштето.
- Воведување на стратегии кои ќе ги поттикнат сите ученици да се вклучат во воннаставните активности, како и развивање на различни програми кои ќе одговараат на широкиот спектар на интереси и таленти на учениците.
- Организирање на работилници на ниво на стручни активи за користење на различни методи и техники на оценување

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди од две последователни учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Одделенските совети и Наставничкиот совет. На Наставнички совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија (квартално) и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот на учениците.

Следење на напредокот на учениците, набљудувањето и проценка од страна на стручнатата служба, заедно со одделенските раководители и родителите ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето.

Идентификацијата на надарените ученици се одвива со потешкотии поради недостаток на објективни инструменти за поефективно откривање и целосно потврдување на надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, отворени родителски средби, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците секоја недела, по месеци. Одделенските раководители ги ажурираат изостаноците во електронскиот дневник. Истата се анализира по класификациони периоди, но исто така се вршат споредбени анализи во две последователни години 2024/25 и 2025/26 .

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања. Видно зголемување на постигањата на индивидуално ниво се забележува во случаи каде постои поголема ангажираност на родителите околу своето дете.

Покрај редовната настава училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат со организирање на дополнителна настава.

**Силни страни**

- Училиштето има воспоставена одлична соработка меѓу стручната служба, одделенските раководители и родителите за рана идентификација и обезбедување соодветна поддршка за учениците со потешкотии во учењето и учениците со попреченост.
- Континуиран мониторинг на редовноста на учениците и имплементација на навремени активности со цел намалување на отсуствата преку системска неделна и месечна контрола на изостаноците преку Електронскиот дневник;
- Мотивирање на учениците преку примена на вештачка интелигенција како алатка за персонализирано учење и подобрување на постигнувањата во текот на годината и засилен ангажман во воннаставните активности и натпреварувањата;
- Редовно советување на родители-старатели на ученици од страна на стручен соработник-психолог за :

 - редовност;
 - несоодветно однесување на група ученици;
 - одржување работилници со цел надминување на потешкотиите со кои се соочуваат учениците;

- градење на личности со изграден одговорен став кон училиштето и училишните обврски.

**Слаби страни**

- Нерамномерен ангажман на родителите и поголема семејна поддршка која влијае врз успехот и во голема мера зависни од степенот на нивната ангажираност, што резултира со послаб напредок на учениците;
- Недостаток на објективни инструменти за детекција на надарени и талентирани ученици кои се соочуваат со сериозни потешкотии поради дефицит од стандардизирани и објективни мерни инструменти за нивно поефективно откривање и целосно потврдување.

**Приоритети**

- Зголемување на вклученоста на пасивните родители во наставниот процес за подобрување на постигнувањата на учениците како мотивирачки механизам;
- По претходно донесена одлука на Наставничкиот совет, училиштето да воспостави практика за редовно препознавање, пофалување и јавно истакнување на учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех во текот на сите четири квалификациони периоди, од прво до деветто одделение. На крајот од наставната година овие ученици да бидат јавно пофалени како позитивен пример за труд, одговорност, истрајност и посветеност кон учењето.
- Поттикнување на внатрешната мотивација за повисоки ученички постигнувања.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е претпознатливо во локалната средина како квалитетна образовна институција и безбедно со претпознатлив идентитет. Училиштето ги афирмира активностите и постигнувањата на училиштето и учениците на социјалните мрежи, Web страната на училиштето, училишните простории што позитивно влијае на имиџот на училиштето.

Училиштето има изготвено Кодекс на однесување и облекување кој содржи принципи, правила и обврски на сите структури на училиштето и истиот редовно се ажурира. Родителите и учениците се запознаени со Кодексот на повеќе начини и училиштето постојано се залага за негово почитување и соодветно постапување доколку истиот не се почитува. Неговата важност е потврдена преку анкети и интервју со директорот. Сето тоа е регулирано со интерниот правилник за видови пофалби,награди и педагошки мерки на учениците. Училиштето има воспоставено куќен ред, присуство на обезбедување и систем за реакција при конфликтни ситуации, што придонесуваат за чувство на сигурност кај поголем дел од заедницата.

Училишната клима е релативно позитивна, стабилна иако во одредени ситуации е потребно дополнително унапредување на координацијата, комуникацијата и навремено информирање на сите засегнати страни, особено во насока на поефикасно решавање на предизвиците. Училиштето успева да одржи работна атмосфера, при што мнозинство родители сметаат дека нивните деца се прифатени и почитувани,а

учениците чувствуваат дека имаат поддршка од наставниците и стручната служба во случај на потреба. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење.
Дисциплината во најголем дел од училиштето е на задоволително ниво ,но во одредени паралелки се забележуваат предизвици поврзани со почитувањето на правилата и одржувањето на работната атмосфера. Поголем дел од наставниот кадар успешно се справува со предизвиците во училница,а активно се работи и на превенција преку работилници за ненасилна комуникација. Иако преовладува позитивна слика, постои свест дека одреден мал дел од учениците не ги следат моралните вредности што бара континуирана примена на педагошки интервенции и соработка со родители.
Училиштето негува култура на демократско учество каде што учениците преку Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител активно се вклучени во училишниот живот.Учениците активно учествуваат во донесувањето одлуки и решавањето на одредени прашања преку работата на Ученичкиот парламент. Претставниците на учениците ги изнесуваат ставовите и предлозите на своите соученици и соработката со стручната служба и раководството на училиштето. Постојат можности за понатамошно зајакнување на учеството на учениците во иницирањето и реализирањето на активности од интерес на училишната заедница. Тие имаат директна врска со раководството, училишните органи(Училишен одбор,Наставнички совет). Успешно спроведуваат хуманитарни, еколошки и едукативни акции со што ги пренесуваат демократските вредности директно во одделенските заедници.
Наставниците покажуваат мотивација за вклучување на учениците во донесување одлуки, додека учениците се чувствуваат поддржани при решавањето на своите прооблеми со што се гради средина на доверба и меѓусебно почитување.Учениците се запознаени со основните права на децата преку наставните и вонаставните активности, работилници и оделенски часови.Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализирање активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права.Училиштето промовира еднаков и правечен третман кон сите ученици.Се поттикнува меѓусебно почитување,толеранција и инклузивност.
Училиштето е отворено за соработка со родителите. Родителите редовно се информираат за напредокот, однесувањето и активностите на учениците и имаат можност да ги изнесат своите мислења и предлози но дел од нив не се запознаени со активностите што се реализираат во училиштето.
Училиштето остварува континуирана соработка со општината и локалната заедница преку заеднички активности, проекти, манифестации и иницијативи со заеднички интерес. Соработката со локалната средина училиштето ја планира и остварува со цел да се стават сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето што се од интерес за воспитно образовната работа. Постоење меморандуми, договори за соработка и секојдневна размена на податоци со основачот(општината) обезбедува правна и административна стабилност во делувањето.
Училиштето има воспоставено сериозен институционален систем за заштита, кој вклучува јасна правна рамка (Протоколи, Кодекс на однесување) стручен кадар и континуирани училишни едукативни кампањи (Супер моќи, соработка со МОН и

невладин сектор).Училиштето спроведува активности за превенција и заштита од сите форми на насилство преку едукативни работилници, предавања, советувања и соработка со родители и надворешни институции. Учениците се запознаени со начините на пријавување насилство и се поттикнуваат да градат односи засновани на почитување, толеранција и ненасилна комуникација. Во училиштето се преземаат соодветни мерки за навремено реагирање и заштита на учениците.

Учениците се информираат за штетните последици од употреба на алкохол, пушење и психоактивни супстанции и се поттикнуваат да усвојуваат здрави животни навики. Во училиштето се преземаат мерки за спречување и навремено реагирање при појава на ризични однесувања.

Училиштето води грижа за обезбедување квалитетна и безбедна храна на учениците.Се одржуваат работилници за здрави животни навики. Учеството на родителите во кампањите и одбележувањето на денови (Денот на јаболкото) придонесува за градење заедничка култура на здрави навики. Користењето на официјални правилници за стандардите за исхрана обезбедува контрола и сигурност во квалитетот на оброците.

Во училиштето се одржува соодветно ниво на хигиена во училниците, ходниците и санитарните простории. Училиштето презема мерки за заштита на здравјето на учениците и вработените во согласност со препораките на надлежните институции. Систематските прегледи на вработените, осигурувањето на учениците покажуваат системско почитување на здравствени протоколи.

Училиштето континуирано презема мерки за обезбедување безбедна и сигурна средина за учениците и вработените. Учениците и вработените се запознаени со постапките за заштита и дејствување во вонредни ситуации. Во училиштето има потребна опрема/пакет за укажување прва помош во кабинет по Природни науки. Има дефибрилатор но нема сандаче со опрема за укажување прва помош на видно место во училиштето.

Училиштето посветува внимание на потребите на учениците од социјално загрозени семејства и настојува да обезбеди подршка за нивно активно вклучување во воспитно -образовниот процес.

Училиштето редовно води грижа за учениците со здравствени проблеми и обезбедува подршка за нивно непречно вклучување во воспитно-образовниот процес. Ставен е фокус на инклузивност која не е само формална,туку вклучува и градење на емпатична училишна култура меѓу соучениците.

Училиштето посветува внимание на социо - емоционалната добросостојба на учениците преку создавање позитивна, безбедна и поддржувачка средина за учење и развој.

Училиштето пристапува кон професионалната ориентација преку структурен, трифазен модел кој ги комбинира квантитативните(психолошки тестови) и квалитативните(индивидуални консултации ) методи. Овој пристап е фокусиран на градење на самостојност кај учениците, овозможувајќи им да го усогласат својот личен профил со образовните можности, притоа вклучувајќи ги родителите како подржувачи а, не како носители на одлуката.

| **Силни страни** |
| --- |
| ❖ Безбедна и поддржувачка училишна средина;<br>❖ Се почитува Кодексот на однесување од страна на вработените и учениците како и свесноста за последиците од прекршување на училишните правила;<br>❖ Постои доверба кај учениците за слободно обраќање и барање подршка од стручната служба;<br>❖ Успесите и постигањата на учениците се промовираат преку веб страната на училиштето, социјалните мрежи;<br>❖ Соработката меѓу наставниот кадар со стручните соработници и образовните асистенти е на високо ниво, што е клучна основа за квалитетен воспитно - образовен процес;<br>❖ Позитивниот став на родителите кои потврдуваат дека нивните деца се прифатени од наставниците и покажуваат интерес за доаѓање на училиште;<br>❖ Добра соработка со родителите, општината и локалната заедница;<br>❖ Учениците во нашето училиште знаат како да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство.<br>❖ Почитување на правата на децата и обезбедување еднаков и правичен третман на сите ученици;<br>❖ Грижа за учениците од социјално загрозени семејства и учениците со здравствени проблеми;<br>❖ Континуирана грижа за социо - емоционалната добросостојба на учениците;<br>❖ Одржување на хигиена и спроведување мерки за заштита од болести.<br>❖ Вклученост на учениците во училишниот живот преку Ученичкиот парламент и други активности. |
| **Слаби страни** |
| ❖ Потреба од поефикасна комуникација и понавремено информирање меѓу наставниците;<br>❖ Поголема и активна ангажираност од страна на родителите вклучувајќи се во воннаставните активности согласно нивните професионални компентенции со цел збогатување на квалитетот на воспитно – образовниот процес и зајакнување на партнерството меѓу училиштето и семејството;<br>❖ Предизвици во одржувањето на дисциплина во одделни паралелки и родителска едукација;<br>❖ Во училиштето потребно е сандаче со опрема за укажување прва помош на видно место. |
| **Приоритети** |
| ❖ Подобрување на комуникациската стратегија и транспарентност ( редовно одржување на дисеминации; поефективни стручни активи и потранспарентни информации);<br>❖ Партнерство наместо „родителски надзор“ ( трансформирање на пасивните родители во активни соработници) преку поголема и активна ангажираност од страна на родителите вклучувајќи се во воннаставните активности; |

- ❖ Редефинирање на родителските средби - покрај успехот, секоја средба да има тема за дискусија, едукативни предавања, работилници со што ќе се избегне формализам.

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училишниот одбор како орган на управување во училиштето функционира согласно законските прописи и Статутот на училиштето и има воспоставено конструктивна соработка со раководниот орган и останатите училишни структури. Училишниот одбор работи врз основа на Деловник за работа и годишна програма, а неговите членови се запознаени со своите надлежности, улоги и одговорности. Состаноците се одржуваат редовно, при што се разгледуваат и усвојуваат значајни програмски и развојни документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи финансиското работење со што придонесува за одговорно, транспарентно и законито управување со училиштето.

Директорот, како раководен орган на училиштето, е одговорен за законитоста во работењето, материјално-финансиското работење и целокупното функционирање на училиштето. Во својата работа директорот се насочува кон унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на условите за работа и учење, како и кон создавање современа, инклузивна и поттикнувачка училишна средина. Раководењето се темели на соработка и вклучување на наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и другите училишни структури во процесот на планирање, креирање политики и реализација на активности.

Директорот ги следи современите образовни текови и во соработка со наставниот кадар и стручните соработници поттикнува примена на нови пристапи, иновации и активности поврзани со инклузивност, меѓуетничка интеграција, еколошка свест, ученичко учество и подобрување на квалитетот на наставата. Училиштето покажува отвореност за соработка со локалната заедница, општината, граѓанските организации и проектните партнери, а преку учество во регионални и меѓународни проекти се обезбедуваат дополнителни можности за развој на училиштето.

Во периодот на претходните две учебни години во училиштето се сменија тројца директори, што имаше одредено влијание врз континуитетот во планирањето, организацијата и следењето на дел од активностите. И покрај тоа, училиштето продолжи со реализација на планираните активности, следење на акциските планови и насочување кон остварување на целите од Развојната програма.

Училиштето располага со една училишна зграда во која има 21 училница, мала спортска сала и надворешни спортски терени. Во континуитет се преземаат активности за подобрување на условите за работа и учење, но сепак постои потреба од понатамошно инфраструктурно унапредување, особено преку поставување термофасадна изолација на училишната зграда. Со цел наставата и воннаставните активности да се реализираат успешно, училиштето, во рамки на своите можности навремено планира и обезбедува потребен потрошен материјал. Направен е план за максимално искористување на капацитетите што ги поседува училиштето така што за учениците од предметна настава е организирана кабинетска настава само во прва смена, а учениците од одделенска настава посетуваат настава во две смени. Во сите

училници има електронски табли и интернет-конекција, што овозможува примена на современи наставни средства и дигитални алатки во наставниот процес. Сепак, дел од училишниот инвентар е дотраен и потребно е негово постепено обновување, со цел создавање поквалитетни, побезбедни и попријатни услови за престој, учење и работа. Училишната библиотека е уредена, функционална и достапна за учениците и наставниците во текот на училишниот ден. Опремена е со компјутер и интернет, располага со богат книжен фонд и мала читална, а библиотекарската евиденција се води електронски. Училишната библиотека го збогатува училишниот културен живот преку бројни литературни, културни и едукативни активности, со кои се поттикнува читањето, се развива писменоста и се поддржува творечкото изразување кај учениците.

Наставата во училиштето ја реализира соодветен и компетентен наставен кадар, согласно нормативите за сите наставни програми. Училиштето располага и со целосна стручна служба, составена од педагог, психолог, социолог, специјален едукатор и библиотекар, што овозможува стручна поддршка на учениците, наставниците и родителите.

Во случај на краткорочно или долгорочно отсуство на наставник, училиштето има воспоставени механизми за обезбедување континуитет на наставата. Во одделенска настава замената се организира со ангажирање на другите одделенски наставници, додека во предметна настава се применува замена и надополнување на часовите, со цел наставниот процес да се одвива непречено.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници се темели на потребите утврдени преку нивните лични планови за професионален развој. Во изминатите две учебни години наставниот кадар и стручните соработници учествуваа на обуки организирани од БРО, други релевантни институции, здруженија и во рамки на проектите што се реализираат во училиштето, согласно образовните реформи и современите образовни текови. Дел од посетените обуки беа дисеминирани во училиштето, но потребно е поинтензивно споделување на стекнатите знаења и добри практики меѓу наставниците.

Наставниците и стручните соработници имаат изработени лични планови за професионален развој и редовно ажурирани професионални досиеја. Училиштето има утврдена процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, со што се обезбедува поддршка за наставниците почетници. Наставникот советник, директорот и стручните соработници се достапни за насоки, совети и консултации, со цел полесно надминување на предизвиците со кои наставниците се соочуваат во секојдневната работа.

Следењето на наставниот процес се реализира плански и континуирано од страна на директорот и стручните соработници. Врз основа на претходно подготвен распоред, се врши посета и увид во реализацијата на наставата кај сите наставници, најмалку два пати во текот на едно полугодие. По следењето, наставниците добиваат повратни информации кои имаат поддржувачка и развојна функција, со цел подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на наставната практика.

Целите утврдени во Развојната програма на училиштето за периодот 2025–2029 година се јасно дефинирани и произлегуваат од наодите и потребите утврдени преку самоевалуациите и последната интегрална евалуација на училиштето. Во нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и

претставници од локалната заедница, со што се обезбедува заедничко планирање и одговорност за развојот на училиштето. Училиштето има план за следење и евалуација на Развојната програма, а за динамиката на реализација и постигнатите резултати редовно ги информира сите релевантни чинители преку состаноци на Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Советот на родители и Ученичкиот парламент.

Буџетот на училиштето се користи наменски, во функција на подобрување на условите за учење, унапредување на наставниот процес и развој на училиштето. За секоја календарска година се изготвува финансиски план за распределба на средствата, кој се разгледува и одобрува од Училишниот одбор и Советот на Општината.

Иако училиштето обезбедува информации за буџетското работење преку состаноци, извештаи и објави на веб-страницата, информираноста не е подеднакво препознаена кај сите чинители. Наставниците во поголем дел се запознаени со начинот на планирање и трошење на буџетот, додека кај родителите постои потреба од појасно, поразбирливо и подостапно информирање за користењето на финансиските средства

**Силни страни**

- Членовите на Училишниот одбор се обучени и запознаени со своите законски надлежности, улоги и одговорности, што придонесува за поефикасно и поодговорно учество во управувањето со училиштето.
- Раководењето со училиштето се темели на соработка и вклучување на наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и локалната заедница во планирањето и реализацијата на активностите.
- Училишната библиотека е функционална, достапна и активно придонесува за развивање читачки навики, писменост и творечко изразување кај учениците.
- Училиштето располага со соодветен и компетентен наставен кадар и целосна стручна служба, што овозможува поддршка на учениците, наставниците и родителите.
- Училиштето активно учествува во различни проекти, преку кои обезбедува дополнителни наставни средства, материјали и ресурси за унапредување на наставата, како и можности за професионален развој на наставниците и стручните соработници.
- Во рамки на расположливите финансиски и материјални можности, училиштето континуирано планира и обезбедува наставни средства и потребен материјал за квалитетна реализација на наставните и воннаставните активности.

**Слаби страни**

- Информираноста за планирањето и трошењето на училишниот буџет не е подеднакво препознаена кај сите чинители, особено кај родителите и мал дел од наставниците.
- Во училиштето има добри услови за работа, но за современа и квалитетна настава потребно е негово понатамошно модернизирање, особено преку набавка на ИКТ опрема, климатизирање на училниците, обновување на инвентарот и пофункционално уредување на училишниот двор.
- Бројот на реализирани дисеминации не е доволен за целосно поттикнување на хоризонталното учење, професионалната размена и меѓусебната поддршка меѓу наставниците.

**Приоритети**

- Модернизирање на материјално-техничките и инфраструктурните услови во училиштето преку поставување термофасадна изолација и клими, обновување на училишниот инвентар и обезбедување посовремени услови за учење и работа.

- ❖ Да продолжи набавката на современи наставни средства и ИКТ опрема, со цел наставата да биде поинтерактивна, поквалитетна и прилагодена на современите образовни потреби.
- ❖ Да се зајакне хоризонталното учење меѓу наставниците, така што искуството, знаењето и успешните примери од наставната практика ќе станат редовен дел од професионалниот развој во училиштето.
- ❖ Унапредување на транспарентноста и информирањето за финансиското работење на училиштето за сите чинители.

**Предлог- мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

- ❖ Продолжување со унапредување на квалитетот на наставата преку примена на современи наставни методи, дигитални алатки, ИКТ и вештачка интелигенција.
- ❖ Зајакнување на формативното оценување преку примена на рубрики, чек-листи, ученички портфолија и нагледни часови за оценување.
- ❖ Воспоставување појасен систем за препознавање, поддршка и следење на надарени и талентирани ученици.
- ❖ Поттикнување активно учество на поголем број ученици во воннаставни, проектни и мултикултурни активности, со цел секој ученик да добие можност да ги изрази своите интереси, способности и потенцијали.
- ❖ Зајакнување на соработката со родителите преку тематски родителски средби, едукативни работилници и поголема нивна вклученост во училишниот живот.
- ❖ Подобрување на училишната клима, дисциплината и безбедноста преку превентивни активности, ненасилна комуникација и доследно почитување на правилата.
- ❖ Модернизирање на материјално-техничките и инфраструктурните услови преку обновување на инвентарот, набавка на ИКТ опрема, климатизирање на училниците и подобрување на училишниот простор.
- ❖ Зајакнување на професионалниот развој на наставниците преку континуирани дисеминации, хоризонтално учење и споделување добри наставни практики..
- ❖ Унапредување на транспарентноста и информирањето за финансиското работење и реализацијата на развојните приоритети на училиштето.

**Комисија за спроведување на самоевалуација**:

Валентина Јовановска - психолог

Маја Станковска - предметен наставник

Сања Пецевски - предметен наставник

Марија Депиновска - одделенски наставник

Светлана Петровска-одделенски наставник

Наташа Стојмиров - претставник од Совет на родители